УМЕТНИЧКА СЦЕНА

# Отворен и демократски пристап кон креативноста на „Паратисима Скопје“

Второто издание на Интернационалниот саем на современа уметност „Паратисима Скопје“ ќе се одржи од 12 до 14 јуни во Младинскиот културен центар во Скопје. Покрај уметничката поставка, саемот на уметноста вклучува целодневна програма исполнета со концерти на интернационални и локални музички автори, гостувачки и локални работилници и соработки со академии и организации од Македонија и од странство.

„Паратисима Скопје“ и оваа година ќе награди до 10 најкреативни учесници и ќе им овозможи своето дело да го изложат на саемот за уметност „Паратисима“ во Торино, Италија, од 4 до 8 ноември 2015 година. Оваа година „Паратисима Скопје“ во соработка со „Галерија Флукс“ од Скопје, ќе селектира и два автори кои ќе добијат можност за своја самостојна изложба во 2015 година.

Куратор на „Паратисима Скопје“ во 2015 година е Нада Прља, која веќе работи на селекцијата на делата што ќе бидат претставени на скопската изложба.

Нејзиниот препознатлив интернационален успех и искуство, пред сè како уметник но, и како поранешен предавач на неколку лондонски универзитети, вклучувајќи го и Институтот Марангони (Лондон-Милано-Париз) се од непроценлив придонес за развојот не само на „Паратисима Скопје“ туку, воопшто на локалната културно-уметничка сцена.

„Со второто издание на ’Паратисима Скопје‘ нашата цел е да го потенцираме отворениот и демократски пристап кон креативноста. ’Паратисима Скопје‘ започна со отворен повик кој ги покани сите креативци да учествуваат, бидејќи веруваме дека сите форми на креативност треба да имаат еднаква можност да ѝ се обратат на публиката.

Особено сум мотивирана кон развивање на специјалната програма на овогодишното издание преку бројни изложби, проекти и работилници. Една од моите цели е и истакнувањето на јавната презентација на креативните школи и универзитети, како основни структури кои ја поддржуваат и развиваат креативноста од раната авторска возраст.

Тридневната програма ќе се комплетира со селекција на бројни признанија и награди. Селекцијата на најдобрите проекти од оваа година ќе го претстави она што се подразбира под висок стандард на работа во рамките на ’Паратисима Скопје‘“ – истакна Нада Прља.

Нада Прља е родена во Сараево (1971). Од 1982 година живее во Скопје, од 1998 година престојува и работи во Лондон. Својата ликовна едукација ја започнува во Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“. Подоцна, се стекнува со диплома на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, а своето едукативно искуство го дополнува со магистерски студии по Философија на уметност на Кралскиот колеџ за уметност во Лондон.




Досега, „Паратисима Скопје“ за своето второ издание брои интернационални учества на автори од Данска, Америка, Италија, Русија, Црна Гора, Хрватска, Холандија, Шкотска, Шпанија, Грција и Турција.

Интернационалниот саем на современа уметност „Паратисима Скопје“, од 12 до 14 јуни, во МКЦ, покрај уметничката поставка, вклучува целодневна програма, исполнета со концерти на интернационални и локални музички автори, гостувачки и локални работилници и соработки со академии и организации од Македонија и од странство. Настанот ќе биде отворен за секоја заинтересирана публика, а влезот ќе биде бесплатен.

„Паратисима“ е интернационален саем за уметност посветен на поддршка и промоција на културата, уметноста и креативните индустрии. Првото издание на „Паратисима Скопје“ се одржа од 13 до 15 јуни 2014 година во Младинскиот културен центар и го привлече интересот на повеќе од 90 автори кои се претставија со повеќе од 150 авторски дела, а одбележа учество и на автори од Франција, Грција, Црна Гора и Италија. Тридневниот настан вклучи 7 специјални проекти, 4 музички настапи и присуство на повеќе од 3.000 посетители.




Своето 10-то издание „Паратисима Торино“ го одржа во „Торино Еспосизиони“ во период од 5 дена, од 5 до 9 ноември 2014 година, и овозможи простор за 600 учесници кои беа посетени од 82.814 посетители. Десет македонски автори, кои беа селектирани од првото издание на „Паратисима Скопје“ во 2014 година, се претставија со свои дела.

Десетте селектирани автори од минатогодишното издание на „Паратисима Скопје“ беа Ана Лазаревска, Маја Кировска, Горан Менков, Борче Богоевски, Александар Дудески со „Творница“, Лена Андонова, Драган Христов и Нина Симовска со „Лудус“ и „Just Because“, Калина Брајковска, Ненад Тонкин и Бојан Ивановски.

„Паратисима Скопје“ е организирана од Здружението на граѓани за поддршка и промоција на културата „Континео 2020“, организација посветена на поддршка, промоција и развој на пазарот на културата на интернационално ниво. Пристапот на „Континео“ се основа на меѓусекторска соработка и интернационално поврзување, како основи за културен развој.

**Т.Д.**